РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2884/11
18.08.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 27. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 28.7.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Гордана Мајнова (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Магдалена Давидовска-Довлева, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 27. седница на Советот. Седницата почна во 12:10 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 7. јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.7.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од продолжение на 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 16.7.2026 година.
3. Усвојување Предлог-записник од 26. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.7.2026 година.
4. Разгледување на квартални извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 1 април до 30 јуни 2026 година.
5. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје.
6. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД Протел ДООЕЛ Пробиштип.
7. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на РД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје.

8. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје.

9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Вива нет ДОО Берово, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

10. Предлог за одобрување финансиски средства за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“.

11. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за набавка на услугата – одржување кафемати за потребите на Агенцијата.

12. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за услугата: истражување – анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2026 година.

13. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за услугата: Дигитални сертификати.

14. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од Зирјета Јајага, го усвои Предлог-записникот од 7. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.7.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од Зирјета Јајага, го усвои Предлог-записникот од 25. Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.7.2026 година.

**Точка 3**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од Зирјета Јајага, го усвои Предлог-записникот од 26. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.7.2026 година.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Драгица Љубевска, ја презентираше Информацијата за реализацијата на активностите на Агенцијата во изминатото тромесечје, согласно Годишната програма за работа. Таа информираше дека во извештајниот период Агенцијата спровела низа активности во рамките на своите програмски, административни и други надлежности. Во однос на програмските и административните обврски, биле извршени повеќе редовни надзори за различни законски обврски. При

спроведените редовни програмски надзори врз националните телевизии Алсат-М, Телма, Алфа, Канал 5 и Сител, како и врз телевизиските и радио програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, прекршувања биле констатирани кај ТВ Алсат-М, ТВ Телма и МРТ3. Кај ТВ Алсат-М било констатирано прекршување на правилата за спонзорство, односно на обврската спонзорираните програми да не поттикнуваат директно купување или изнајмување стоки и услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување. Кај ТВ Телма било констатирано прекршување во однос на условите за рекламирање и телешопинг, додека кај МРТ3 било констатирано необезбедување на податоците кои треба да им бидат достапни на корисниците. Во извештајниот период биле спроведени и три редовни административни надзори врз сите 90 радиодифузери, во однос на повеќе законски обврски. При тоа било констатирано дека ТРД Телевизија Плус не ја исполнила обврската за доставување податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник, изворите на финансирање и остварените вкупни приходи и расходи во претходната година. ТВ 24 Вести ја исполнила истата обврска делумно, односно не ги доставила сите потребни податоци и документи. Дополнително, кај ТВ Плус било констатирано дека не ја исполнила обврската за доставување извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување за 2025 година. Во врска со доставеното известување за промена на сопственичката структура на ТРД Јон-радио ДОО Струга, по спроведената постапка и извршените проверки било утврдено дека со предложената промена не се прекршуваат законските одредби за недозволена медиумска концентрација, поради што Советот на Агенцијата донел одлука со која ја одобрил промената на сопственичката структура на радиодифузерот. Љубевска информираше и дека биле спроведени 22 редовни надзори врз операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, во однос на обврските за употреба на јазикот во програмата, задолжителната регистрација на програмските сервиси што се реемитуваат и обврската програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис. При надзорите биле констатирани прекршувања кај два оператори во однос на реемитување нерегистрирани програмски сервиси. Бил извршен и еден контролен програмски надзор врз Тотал ТВ, при што било констатирано дека е постапено согласно изреченото решение. Во однос на издавачите на печатени медиуми, биле спроведени три редовни, еден вонреден и еден контролен надзор, при што не биле констатирани прекршувања. Врз издавачите на онлајн медиуми – интернет портали, биле спроведени еден редовен и два контролни надзори, при што, исто така, не биле констатирани прекршувања. Во извештајниот период биле доставени четири пријави за регистрација во Регистарот на даватели на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање, кои се физички лица. Љубевска информираше дека во текот на тримесечјето биле реализирани и бројни состаноци на директорот и вработените во стручната служба со претставници на институции, организации и тела поврзани со медиумската сфера. Биле реализирани и повеќе меѓународни активности, како и активности поврзани со подготовка на придонеси во рамките на процесот на европските интеграции. Во делот на транспарентното работење, Агенцијата објавила повеќе соопштенија за јавноста, кои биле споделувани и на официјалната Фејсбук-страница на Агенцијата, заедно со најавите за седниците на Советот. Редовно била ажурирана и веб-страницата на Агенцијата, на македонски, албански и англиски јазик. Во однос на ревизорските активности, Љубевска информираше дека биле завршени планираните активности на ревизијата за следење на имплементацијата на препораките дадени по извршените ревизии во Агенцијата за 2025 година, односно т.н.

„follow-up“ ревизија. Воедно, започнало и спроведувањето на ревизија на процесот на вршење мониторинг врз содржините што ги емитуваат радиодифузерите за време на локалните избори. Во однос на преземените мерки во извештајниот период, биле донесени осум решенија за изрекување мерка јавна опомена на четири радиодифузери, две решенија за изрекување мерка јавна опомена поради реемитување програмски сервиси на три оператори, како и три решенија за изрекување мерка јавна опомена на три издавачи на онлајн медиуми – интернет портали. На крајот, Љубевска истакна дека презентираните активности претставуваат сублимат на реализираните активности на Агенцијата во изминатите три месеци, а повеќе детали се содржани во материјалот доставен за седницата, заедно со Финансискиот извештај за изминатиот квартал.

**Точка 5**

Во однос на предлог-одлуката за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, директорот на АВМУ, д-р Зоран Трајчевски, образложи дека во ЗААВМУ е пропишано дека дозволата за телевизиско или радиоемитување на трговските радиодифузни друштва и на непрофитните радиодифузни установи се доделува за временски период од девет години со можност за продолжување на истата, под услов радиодифузерот да го нема прекршено Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По извршениот увид во работењето на радиодифузерот во текот на времетраењето на дозволата, од страна на АВМУ се утврди дека ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје ги исполнува условите, односно во текот на времетраењето на Дозволата не сторил сериозни прекршувања наведени во член 79 став 4 од ЗАВМУ и предлага истата да се продолжи за време од 9 (девет) години, односно од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за телевизиското емитување на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи Предлог-решението за бришење на ТРД Протел ДООЕЛ Пробиштип од регистарот на радиодифузери.

Советот едногласно донесе решение за бришење на Друштвото за радиодифузна дејност Протел ДООЕЛ Пробиштип од Регистарот на радиодифузери.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителот на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, м-р Магдалена Довлева-Давидовска, го образложи предлогот за промена на сопственичката структура на ТРД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје информирајќи дека Агенција добила известување за промената кое ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура. Со цел да се испита дали со предложените промени на сопственичката структура на радиодифузерот би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, Агенцијата обезбеди податоци од Централниот регистар на РСМ од кои е видно дека правното лице Друштвото за трговија и услуги Ало медиа систем ДООЕЛ Скопје не се јавува како сопственик на други трговски друштва; управителот на Друштвото, физичкото лице Драган Лазиќ, не се јавува како основач и/или управител на други трговски друштва; основачот на Друштвото, правното лице Ало медиа систем ДОО Белград, не се јавува како сопственик на други трговски друштва и основачот - физичкото лице Саша Благојевиќ, не се јавува како сопственик и/или управител на трговски друштва. Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици што го води Централниот регистар на РСМ, од каде што може да се констатира дека ова лице е евидентирано како вистински сопственик само на правното лице Друштво за трговија и услуги Ало медиа систем ДООЕЛ Скопје.

Советот едногласно гласаше против менувањето на сопственичката структура на ТРД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 8**

Раководителот на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, м-р Магдалена Довлева-Давидовска, во врска со предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје изјави дека состојбата е иста како и со ТРД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје.

Советот едногласно гласаше против менувањето на сопственичката структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 9**

Раководителот на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, м-р Магдалена Довлева-Давидовска, го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот Вива нет ДОО Берово, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Таа појасни дека со редовниот програмски надзор, спроведен на 22.7. 2026 г., констатирано е дека операторот во својот програмски сервис за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „FEN TV“, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Предлогот е да се донесе решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис со кое на операторот Вива нет ДОО Берово ќе му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Претседател на Советот на Агенцијата, м-р Сашо Стефановски, даде сугестија покрај редовните да има и вонредни контроли на работата на овој оператор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2862/1 од 23.7.2026 година и едногласно заклучи на Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа Вива Нет ДООЕЛ Берово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 став 13 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис, да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена за наведениот субјект на надзор.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи предлогот за одобрување финансиски средства за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“, за период од 12 месеци, за што е потребно е да се обезбедат средства во износ од 46.000,00 денари со пресметан ДДВ од 18 %.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, праша дали станува збор за нови кориснички пристапи, на што Митревска појасни дека станува збор за постојни пристапи чие користење треба да се продолжи. Од четирите пристапи, три ги користат вработени во Секторот за правни работи и јавни набавки, а еден вработен во Секторот за стратешко планирање и авторски права.

Советничката Цветанка Миновска праша дали во наведените четири пристапи е опфатен и пристапот што треба да го користи советничката Гордана Мајнова. Митревска појасни дека пристапот за Мајнова е предвиден и ќе ѝ биде ставен на располагање, но поради технички причини сè уште не е активиран.

Дополнително, Митревска информираше дека Агенцијата веќе користи уште два кориснички пристапи, поради што со обновувањето на дополнителните четири пристапи ќе располага со вкупно шест пристапи. Со оглед на вкупниот број пристапи, Агенцијата ќе може да ги користи по поповолна цена.

Советот на Агенцијата го одобри предлогот со пет гласа „за“ и еден глас „воздржан“ од советничката Цветанка Миновска.

Точка 11

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, во однос на предлогот за давање одобрување за донесување одлука за набавка на услугата: одржување кафемати за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки, во износ од 60 000, 00 денари без вклучен ДДВ, за период од една година, образложи дека Агенцијата за свои потреби користи кафемати набавени во 2015 година. Со оглед што се истечени гарантниот период и важноста на Договорот за нивно одржување, потребно е да се обезбеди извршување на услугата - одржување на кафематите како редовно месечно сервисирање.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 60.000,00 денари без ДДВ, за период од 12 (дванаесет) месеци, за набавка со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки – за услуга: одржување кафемати во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

За реализирање на горенаведената набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 12**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за спроведување постапка за јавна набавка за услуга: истражување - анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите. Објасни дека спроведувањето на оваа постапка е законска обврска на Агенцијата која произлегува од Законот за еднакви можности на жените и мажите и се спроведува од 2012 година секоја година. Посочи дека набавката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка и ќе почне со објавување оглас на електронскиот систем за јавни набавки и во „Службен весник на Р Македонија“.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: истражување – анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2026 година.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка – услуга: истражување – анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2026 година е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-2743/1 од 13.7.2026. а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година.

**Точка 13**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга: Дигитални сертификати. Објасни дека набавката се спроведува со цел продолжување на важноста на постојните дигитални сертификати и потреба за издавање нови дигитални сертификати за потпис и набавка на нови токени. Спроведувањето на оваа постапка е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-2743/1 од 13.7.2026 г., а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: дигитални сертификати.

**Точка 14**

**Разно**

**Немаше дискусија под Разно.**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**